Врз основа на член 29 а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) во ДУФК ,, Методи Митевски – Брицо,, - Скопје тимот за Самоевалуација на работата на училиштето го изготвува следниот

# ИЗВЕШТАЈ

**за спроведената Самоевалуација на училиштето за учебната 2023/2024 и 2024/2025**

Работните тимови по подрачја во координација, а со цел да одговорат на прашањата во рамките на своето подрачје, спроведоа анкети , интервјуа и извршија увид во потребната документација врз основа на кои ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, потребни за да одговорат на прашањата во рамките на своето подрачје. Врз основа на истражувањата во работата на училиштето секој работен тим за подрачјето на кое работеше издвои јаки и слаби страни на училиштето. Потоа направи анализа на работата и предложи приоритети односно идни активности кои ќе бидат основа за планирање на активностите во програмата за развој на училиштето следните четири години.

Целокупната документација од извршената самоевалуација одговорните наставници на секое подрачје ја доставија до координаторот на самоевалуацијата во училиштето кој го изработи Извештајот за самоевалуацијата во училиштето за периодот 2023-2025 година.

Резултатите од извршената самоевалуација беа образложени пред Наставничкиот совет и Училишниот одбор.

Тимовите по подрачја извршија анализа на резултатите, согледувања , констатации и ги истакнаа клучните јаки и слаби страни како и предложените приоритети односно идни активности.

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето:**

1. **Наставни планови и програми**: **одговорен на тимот – Горки Кондовски**

**Согледувања и констатации**

По спроведената Самоеваулација на училиштето за подрачјето Наставни планови и програми е констатирано дека ДУФК „Методи Митевски Брицо" - Скопје е средно училиште кое реализира наставни планови и програми за стручно гимназиско образование - спортска гимназија донесен од Министерот за образование и наука на Република Македонија. Наставните планови и програми се реализираат со однапред предвидена динамика, планирана со Годишната програма за работа на училиштето, годишните глобални, тематски и дневно-оперативни планирања на наставниците, како и неделниот распоред на часови .......

Наставниците преку брошури, флаери, презентации во основните училишта,facebook страната на ДУФК „Методи Митевски Брицо" - Скопје ги запознаваат учениците и родителите со содржините, целите и задачите на наставните програми по општообразовните и стручни предмети. Училиштето нуди изборни предмети, во втора, трета и четврта година според наставниот план и афинитетите на учениците. Учениците за изборот на воннаставните активности и изборни предмети се определуваат според нивниот афинитет и интерес, без разлика на пол и други различности. Постапката за избор се применува во целост. Додатната и дополнителна настава како и воннаставни и слободно ученичките активности се реализираат согласно Годишната програма на училиштето. Училиштето има Програма за мултиетничка интеграција во образовниот систем.
Училиштето ги информира сите заинтересирани субјекти за наставниот план преку преку непосредни средби и разговори, родителски состаноци, медиуми, како и преку учество во училишните емисии на Македонската радио и телевизија. Училиштето при упис на ученици изготвува флаери преку кои се информираат заинтересираните ученици и родители за упис во училиштето. Училиштето е добар пример за интегрираност со локалната средина бидејќи училишните спортски екипи кои ги има во голем број и обем учествуваат на сите нивоа на натпревари и освојуваат награди и признанија на сите нивоа(општинско, градско, државно и меѓународно ниво). Одговорните наставници по различните спортови се одредуваат на Состаноци на стручните активи при што се води сметка за афинитетите кон спортот што наставникот ги има како и за добра социјална клима во активот и создавањето на натпреварувачки дух во рамките на спортските екипи.

Со воннаставни активности се вклучени голем број на ученици во училиштето, а во изборот на воннаставната активност ученикот учествува но со една понагласена стручна и професионална помош на наставникот. Во рекреативните активности (фитнес, пинг понг, меѓукласни натпревари )учениците сами одлучуваат и избираат со која активност ќе се занимаваат.

Исто така при одржувањето на училишните кросеви (есенски и пролетен) училиштето обезбедува пехари и медаjли за првите три места во сите возрасни и родови категории. Исто така после одржувањето на спортски натпревари , освен што учениците се здобиваат со признанија и награди, практика е да се одржи свечен наставнички колегиум на кој се пофалуваат добитниците на наградите и се организира заедничка скромна закуска на вработените во училиштето и наградените ученици.

Позитивна практика во вградувањето на меѓупредметни цели на образованието е посетата на наставниците по општо

образовните предмети и учениците на натпревари на кои се бодри и јакне нашата спортска екипа, а истовремено наставниците го гледаат ученикот од малку поинаков агол, неговата пожртвуваност за афирмација на училиштето и сопствената спортска екипа, јакнење на самодовербата и другарството, затоа што спортските екипи се со различен национален, верски, социјален и економски состав.

**Слаби страни и Планирање на идните активности:**
Своите идни активности училиштето во подрачјето на Наставните планови и програми ќе ги насочува преку остварување на следните цели:

- Обука на наставниот кадар
- Училиштето и понатаму ќе биде вклучено во сите спортски манифестации и натпревари во организација на СУС, Собранието на град Скопје, Агенцијата за млади и спорт и МОК на сите нивоа ( општинско, градско, државно и меѓународно ниво)
- Во иднина ќе се настојува да се развијат повеќе форми на вонннаставни активности и во другите сфери при што ќе се почитуваат потребите и желбите на учениците, за што ке се направи анкета на учениците и во согласност со добиените резултати ќе се формираат и реализираат други вонннаставни активности.
- Ќе се настојува да во понатамошната работа училиштето уште повеќе ги отвори вратите кон локалната средина со што таа соработка би се продлабочила и уште повеќе би одговарала на потребите и барањата на локалната средина.
- За сите резултати од учеството на училиштето во сите натпревари ќе се води посебен дневник за постигнати резултати во сите колективни и индивидуални спортови преку кои се афирмираат учениците и училиштето. И понатаму во училиштето ќе се негува девизата ,,Во здраво тело здрав дух и ќе се води постојана грижа за талентираните спортисти.

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето:**

**2.Постигања на учениците : одговорен на тимот Дијана Бочкарова**

**Согледувања и констатации:**

**Јаки страни**

По спроведената Самоеваулација на училиштето за подрачјето Постигања на учениците е констатирано дека постигањата на учениците говорат за континуитет во работењето на училиштето. За подобрување на успехот училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по години и паралелки. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбени анализи за постигањата на учениците.

**Среден успех на училиштето:**

**Среден успех на училиштето:**

2014/2015 год. -3,59
2015/2016 год. – 3,18
2016/2017 год. – 3,20
2017/2018 год.- 3,43
2018/2019 год – 3,46
2019/2020 год. – 3,55
2020/2021 год. – 3,54
2021/2022 год. – 3,36
2022/2023 год. – 3,76
2023/2024 год. –3,58
2024/2025 год. -3,61

Средниот успех на училиштето во последните три години е 3,65

Според анализите во последната учебна година средниот успех на учениците има благо подобрување.

Успехот во учењето и постигањата на учениците говорат за континуитет во работењето на училиштето. За подобрување

на успехот училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.

Училиштето има систем за идентификување на учениците кои имаат тешкотии во учењето и надарени ученици. Повеќето се надарени ученици кои посебно се истакнуваат со својот талент во областа на спортот и спортските дисциплини.

За учениците со тешкотии во учењето и за учениците кои покажуваат солидни резултати и имаат афинитет кон одреден наставен предмет, голем број на наставници планираат и реализираат дополнителна и додатна настава. Дополнителна настава се планира и реализира повеќе за учениците кои имаат потешкотии во совладување на содржините од теоретските наставни предмети, а додатна настава се планира и реализира повеќе за учениците кои покажуваат посебни афинитети во областа на стручните предмети, од областа на спортот.

Во училиштето наставата ја следи еден ученик со посебни образовни потреби. Согласно Законот за средно образование и Годишната програма за работа на училиштето во ДУФК ,, Методи Митевски – Брицо,, - Скопје е формиран тим за инклузија. Класниот раководител, родителот, стручната служба и наставниците вложија посебни напори за работата со овој ученик, а тие напори вродија со плод бидејќи ученикот беше прифатен од останатите ученици и соработката на останатите ученици од класот беше на потребното високо ниво. Наставниците работеа по посебна програма прилагодени на потребите и можностите на ученикот.

Во последните две години ученици членови на училишните спортски клубови заземаа учество на натпревари на регионално, државно и меѓународно ниво и постигнаа награди, пофалници, дипломи. пехари и сл.

За продолжување на образованието на учениците, училиштето има Програма за професионална ориентација.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците и презема конкретни активности за да опфати поголем број на ученици согласно можностите.

За подобрување на состојбите во училиштето се преземаат соодветни мерки и се изрекуваат педагошки мерки согласно Законот за средно образование, подзаконските акти и Статутот на училиштето.

**Слаби страни и Планирање на идните активности:**

Своите идни активности училиштето во подрачјето Постигања на учениците ќе насочува преку остварување на следните цели:

- Поголем опфат за користење на ИКТ во наставата
- Перманентно стручно усовршување на наставниот кадар и обука за работа со ученици со ПОП
- Обуки за користење на на современи техники и методи во наставата

- Подобрување на редовноста на учениците

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето:**
**3. Учење и настава: одговорен на тимот Велика Стефаноска**

**Согледувања и констатации:**
**Јаки страни**

За реализација на наставната програма,наставниците на почетокот на учебната година подготвуваат глобални,тематски и дневни подготовки,за теоретската и практичната настава. Наставниците исто така доставуваат планирање за додатна и дополнителна настава. Распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава, како и приемните денови за родители се истакнуваат на огласна табла на училиштето и се доставуваат до ДПИ согласно Закон.Планирањето и реализацијата на наставната работата, дополнителната и додатната настава се следи од страна на директорот,стручната служба, одговорниот Државен инспектор и одговорните советници од БРО.

За нејзино поефикасно планирање и реализација,училиштето обезбедува услови за стручно усовршување на наставниците,примена на современи образовни техники,основни услови за реализација на теоретската и практичната настава,меѓусебни консултации,советувања и др.форми за комуникација со надлежните институции,користење на современа лиретатура и др. На наставниците приправници им се назначуваат ментори кои работат со нив врз основа на програма и им даваат целосна помош и поддршка се до успешното полагање на стручниот испит. За вработените наставници кои не се приправници се водат професионални досие согласно Закон.

За успешно спроведување на воспитно образовниот процес се применуваат современи форми,методи кои се прилагодени на иднивидуалните способности и потреби на учениците.Учениците подеднакво се стимулираат и мотивираат за учество во наставнатите и воннаставните активности,без разлика на половата,етничката и верската припадност.Учениците преку разни форми на општествено корисни и спортски активности се ставаат во улога на самостојни субјекти кои активно се вклучени во воспитно образовниот процес.

Наставниците користат формативно и сумативно оценување. Секој наставник има стандарди за оценување по наставниот предмет кој го предава.За напредокот на учениците родителите добиваат информации од е – дневникот, класниот раководител,предметните наставници, стручната служба, а по потреба директорот на училиштето.

**Слаби страни и Планирање на идните активности:**

- Подобрување и обезбедување на просторни и материјални услови за реализирање на наставата по сите предмети
- Изградба на нова и современа спортска сала и 25 метарски пливачки базен
- Континуирано усовршување на наставниот кадар,преку семинари и обуки за користење на современи методи и

техники
- Обезбедување помош и поддршка на наставниците за работа со ученици со ПОП.

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето**
**4. Поддршка на учениците – одговорен на тимот Ана Крстевска**

**Согледувања и констатации:**
**Јаки страни**
По извршената самоеваулација на ДУФК ,, Методи Митевски – Брицо,, - Скопје за подрачјето Поддршка на учениците може воглавно да се каже дека истата е на потребно задоволително ниво и дека има слабости кои во понатамошниот период треба да се елиминираат.

Од разговори со учениците и покрај превземање на сите мерки против пушењето може да се заклучи дека дел од учениците, особено оние кои не се занимаваат со спорт пушат. Во таа смисла училиштето треба да направи поширока и посилна кампања против пушењето.

Потребна е поширока кампања за изградување на систем на вредности кај учениците за чување на училишниот инвентар бидејќи се забележува дека истиот не се чува и негува. Ова особено се однесува на клупите, столчињата, вратите , зидовите како техничкиот персонал и директорот на училиштето.

Во изминатите две години во училиштето се извршија санирања три одводни точки и санирање на 200м2 од кровот кој беше целосно оштетен и хигиената се одржуваше на задоволително ниво.

Во однос на грижата за здравјето на учениците, следење на нивниот индивидуален развој може да се заклучи дека во училиштето се води доволно грижа, дека постои добра соработка помеѓу наставниците и стручната служба и дека голем број проблеми заеднички се решаваат.

Соработката на УМК со класните раководители на четврта година е на потребно задоволително ниво. Учениците се целосно информирани за термините и начинот на полагање на државната и училишната матура. На учениците кои се определиле за државна матура им се дава поддршка и консултации за нивното понатамошно образование. Наставниците по педметите по кои полагаат државна или училишна матура вршат подготовки согласно Календарот за учебната година и динамиката на активности која се изготвува во училиштето. Учениците добиваат поддршка и помош од своите ментори во изборот и подготовките за избор на проектна задча за полагање на државна или училишна матура.

**Слаби страни и Планирање на идните активности:**
- Обука на вработените за користење на ПП опрема
- Подигање на хигиенските услови за работа во училиштето и спортските сали со неопходно реновирање и санација на остатокот од прозорите, вратите и подовите на училниците, гардеробите и спортските сали кои не беа санирани.
- Освен во спортските активности во понатамошниот период е потребно да се даде поголема поддршка на учениците

| |
|---|
| за вклучување во пошироки општествени активности.<br>• Да се продолжи со понатамошна обука на наставниот кадар посебно за работа со ученици со ПОП |

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето**
**5. Училишна клима – одговорен на тимот Саша Јовиќ**

| |
|---|
| **Согледувања и констатации**<br>**Јаки страни**<br>Од спроведената самоеваулација на училиштето за подрчјето Училишна клима е констатирано дека во училиштето се остварува зацртаната мисијата и визијата. Постои кодекс на однесување на сите структури во училиштето. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење. Во училиштето се користат најразлични форми за мотивирање на учениците за учество на натпревари со што се развива меѓусебното дружење и добра кохезија во класовите. Се води целосна грижа за почитување на правата на децата и се користат сите стратегии за обезбедување на мултиетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените. Сите ученици имаат еднаков третман, без разлика пол, економска сосотојба, националост, релегиозна и друга припадност. Училиштето преку прифаќањето и промовирањето на успесите и постигнувањата на своите ученици кои се од различна национална припадност се грижи за развивање на силна внатрешна мотивација, натпреварувачки дух, иницијативност, иновативност и креативност на свиоте ученици но и на наставниците. Со различните активности кои се превземаат очекуваме подигање на свеста за постоење на мултикултурна соработка и кај учениците и кај наставниците. Посебно важно е кај сите партиципиенти во училишниот живот да создадеме чувство на негување на спортот, традицијата, другарувањето, почитувањето на минатото и околината во која живееме.<br>Во училиштето има добра училишна клима и се негува спортот како најдобар лек од превенција на сите девијантни појави кои и се закануваат на младата личност. |
| **Слаби страни и Планирање на идните активности:**<br>- Обезбедување финансиски средства за поквалитетна подготовка на учениците за учество на натпревари на градско, регионално,државно и меѓународно ниво<br>- Продолжување со проектот Мултиетничка интеграција во образованието<br>- Спроведување на ЕКО проектот<br>- Продолжување со уредување на училишниот двор и негово облагородување со зеленило и садници |

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето**
**6. Ресурси - Одговорен на тимот Тони Станчески**

**Согледувања и констатации:**
**Јаки страни**

По спроведената самоевалуација на училиштето за подрачјето Ресурси е констатирано дека просторните услови во училиштето се ограничени но се максимало искористени.Просториите во училиштето се користат заедно со Факултетот за спорт и ДСУ ,, Спортска Академија,, така што наставата се одвива наизменично во две смени.
Спортските сали исто така се искористени максимално со распоред кој е усогласен со Факултетот за спорт со кој се работи наизменично во смени. За наставата по пливање се користи базенот при СРЦ ,,Борис Трајковски, а наставата по атлетика за четврта година на македонски јазик се одржува на Градскиот стадион, додека на албански наставен јазик на СРЦ Сарај..
Училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Библиотечниот фонд се обновува секоја учебна година врз основа на барање на предметните наставници и потребите на учениците. Библиотека поседува и голем број на стручна литература која во голема мера им помага на учениците од завршните години при изработката на матурска проектна задача.
Потрошниот материјал се набавува континуирано, се издава со евиденција и задолжување, така да се води грижа за рационално и економично трошење.
Бројот на вработени одговара на Систематизацијата, а потребата и избор на вработени се врши согласно Закон за средно образование и Закон за работни односи.
Наставниот кадар е ефективно распореден во зависност од потребите на наставата и нормативот за наставен кадар.
Стручната служба е постојано активна во надминување на проблемите кои се јавуваат во врска со дисциплината на часовите,изостанувањето од настава или другите проблеми.Стручната служба постојано соработува со учениците,наставниците и родителите. Психологот на училиштето согласно Закон редовно одржува советувања за родители и ученици.
Финансиското работење што го спроведува училиштето е во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето.Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.
Училишниот одбор е запознат со годишниот финансов план. Постои годишен план за користење на сопствените средства .

**Слаби страни Планирање на идните активности:**

Своите идни активности училиштето во подрачјето на Ресурси ќе ги насочува преку остварување на следните цели:

- Целосна реконструкција на спортските сали.
- Докомплетирање и замена на прозорците и вратите на целото училиште што ќе придонесе за подобра топлинска

изолација на училниците.

- Замена на азбестниот кров на уилишната зграда
- Реконструкција и обнова на електричната и водоводната инсталација на горниот спрат од училиштето.

**Анализа на резултатите од Самоеваулацијата за подрачјето**
**7.Управување, раководење и креирање политика - Одговорен на тимот Јоланда Попоска**

**Согледувања и констатации:**
**Јаки страни**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој има 12 членови. Тој е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. УО има деловник за работа според кој претседателот ги свикува седниците и раководи со нив. Орган на раководење е директорот на уилиштето. Во неговата работа му помагаат двајца помошници кои одржуваат редовни консултации и средби и учествуваат во планирањето и креирањето на училишната политика. Раководниот тим во училиштето редовно соработува со стручната служба, активите, класните раководители, административната служба и другите вработени во училиштето. Консултациите на релација раководен тим други субјекти на училиштето се на задоволително ниво. Училиштето има изградено кодекс на однесување на сите структури во училиштето Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето како и сите субјекти кои се дел од воспитно образовната работа во училиштето реку своите органи.За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветните органи. Постапките за креирање на училишната политика се вр основа на согледување на состојбата и превземање мерки за разрешување, а во нив се вклучени Раководниот тим, Училишниот одбор, Стручната служба, активите, Советот на родители и Уеничката заедница.Проблемите се констатираат и анализираат на состаноци на активите и врз основа на тие соглдувањае согледувања се дефинираат приоритетите за реализирање. Во годишното планирање учествуваат Директорот, Училишниот одбор, тела предвидени со статутот. Годишното планирање се базира на релевантни податоци од областа која е предмет на планирање, а реалноста на планирањето е базирана на анализа на постоечките ресурси во училиштето, а инструментите за следење се дизајнираат според потребите.

стои јасна Структурана нараководење со училиштето, Јасна дефинираност на надлежностите за управување и за административни задачи

Училиштето остварува добра соработка со МОК, Агенција за млади и спорт, Федерациите на училишен спорт,Црвен крст Соработка со сродни училишта на републичко и меѓународно ниво,

Раководната структура на училиштето ја сочинуваат: Училишниот одбор, директор на училиштето, помошници директори, претседатели на активи. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани, односот на раководниот тим со другите субјекти во училиштето е одличен, информациите за одлуките на раководниот тим се добиваат во најголем дел транспарентно во писмена форма на огласна табла, преку вибер групата и веб сајтот на училиштето. Соработката на раководниот тим со другите субјекти во училиштето околу размена на идеи и разрешување на проблемите се

одвива преку редовни и вонредни состаноци. Училиштето има постоечка политика и правилници во врска со дисциплината, дисциплинските мерки и поведението, меѓутоа се чувствува потреба за нивно надополнување со програми за унапредување на здравјето на учениците, како и за работа со ученици со социо-емотивни проблеми.

**Слаби страни и Планирање на идните активности**

Поголема грижа за афирмација на училиштето и грижа за привлекување на повеќе заинтересирани ученици за упис во училиштето**.**

Директор
Љупчо Станковски

---------------------------